# Екстензија Webtime Tracker на Firefox

Упатство за родители

# Упатство за „Webtime Tracker“ на Firefox

Оваа екстензија не блокира содржина, но е исклучително корисна за **надзор** и следење на тоа колку време детето поминува на одредени веб-страници. Ова дава важен увид за да може да се прилагодат поставките во други алатки за онлајн заштита на децата.



# Чекор 1: Инсталација

1. Се вклучува прелистувачот Firefox и се оди на страницата за екстензии на Mozilla: „**Webtime Tracker**“.
2. Се клика на копчето **„Add to Firefox“** (Додај во Firefox).



3. Кога ќе се појави прозорец за дозволи, се клика на **„Add“** (Додај).
4. По инсталацијата ќе се појави икона (обично часовник или графикон) во лентата со алатки.

# Чекор 2: Подесување на поставки на „Webtime Tracker“

- Stop tracking if no activity detected for [X seconds]

Го одредува времето по кое следењето на времето ќе паузира ако нема кликнување или движење на глувчето. Оваа поставка е добра за да не се брои времето кога активно не се користи прелистувачот. Предефинирана вредност е **30 секунди**. Оваа вредност дава прецизна слика за активното време. Може да се зголеми (на пример, на 60 секунди) ако детето чита долги статии, но не премногу за да не се брои неактивноста.

- ## Gap between graph parts: 4

  Ова е само визуелна поставка за тоа како изгледа графиконот подолу (големината на празниот простор меѓу парчињата во графиконот). Ова не влијае на функцијата за следење.

- ## Display time tracker in icon

  Ако е штиклирано, бројките за времето се појавуваат директно на иконата на „Webtime Tracker“ во лентата со алатки. За да биде алатката подискретна, може да се отштиклира ова поле.



# Чекор 3: Следење и увид (Tracking and Insights)

За разлика од другите алатки, Webtime Tracker почнува да работи веднаш по инсталацијата, следејќи го секое кликнување и поминато време. За да се види статистиката се клика на иконата на **„Webtime Tracker”** во алатникот на Firefox.



Се отвара графикон и листа што прикажува:

- Дневен преглед (Daily average)
  - **Вкупно време на екранот**: Колку долго бил отворен прелистувачот.
  - **Топ страници**: Кои веб-страници се користени најдолго денес.
  - **Време поминато**: Колку минути/часови се потрошени на секој домен (на пр. youtube.com, roblox.com)
- Детален извештај (All-time):

  Обично има опција за приказ на извештаи за **недела** или **месец**.



# Чекор 4: Анализа за родителска контрола

Податоците од Webtime Tracker се користат за да се одлучи како да се конфигурираат другите алатки:

- **Идентификација на нови закани:** Ако детето поминува премногу време на некоја нова, несоодветна страница (која не е блокирана), може да се додаде  на листата за блокирање на друга екстензија (на пример, на  „FoxFilter“ или „LeechBlock NG“).
- **Прилагодување на лимитот:** Ако времето поминато на дозволените сајтови е премногу високо (на пр. 3 часа на ден на социјални мрежи), може на пример да се намали лимитот на тој во сајт „LeechBlock NG“.

# Важно предупредување

- **Приватност:** „Webtime Tracker“ ги чува податоците локално на компјутерот.
- **Безбедност:** „Webtime Tracker“ нема вградена заштита со лозинка. Детето може многу лесно да ја исклучи или деинсталира екстензијата.
- **Препорака:** „Webtime Tracker“ може да се користи само за надзор, додека за блокирање и безбедност би требало да се користат екстензии што се заштитени со лозинка (како на пример „FoxFilter“).